**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 04-769/1
11-03-2026
Скопје

Врз основа на член 75 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 456/2019, бр. 609/2022 и бр. 717/2025 година), а во врска со Законот за заштита на укажувачи (Сл. весник на РМ бр. 196/2015 година и Сл. весник на РСМ бр. 35/2018 и бр. 257/2020 година) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување (Сл. весник на РМ бр. 46/2016 година), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

за определување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи

I. Наташа Јовчевска, вработена на Факултетот како Помлад соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење, се определува за овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

II. Лицето од став 1, во својство на овластено лице за прием на пријави од укажувачи е должно:

- да ги почитува процедурите утврдени со Правилникот за заштитено внатрешно пријавување (Сл. весник на РМ бр. 46/2016 година);
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата;
- да изготви соодветни процедури и правилници согласно со Законот за заштита на укажувачи.

III. Решението стапува во сила со денот на донесување.

IV. Пимерок од Решението да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за, правни, општи работи и човечки ресурси, персоналното досие и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Матиновски

Изработил:ГК
Одобрил:МШ